МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / E pranuar: 18 MAR 2021
Орг. Един. / Nj. org.: 14 | Број / Numër: 985/5 | Прилог / Shtojcë: | Вредност / Vlera:

# Записник од 24-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online седница | | |
| **Датум** | 26.02.2021 година | **Време** | 10.30 – 12:00 часот |
| **Бр. на седница** | 24-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Зоран Мурцев, Љубен Талев, Сашко Стојчевски (независни експерти), | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески, Владимир Соколов, Владимир Радосављевиќ, Ангел Симов Букурије Јашари Мемети (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 12.2.2021 година.
2. Информација за формирање меѓуресорска работна група за меѓусебно усогласување и измена на законите и подзаконските акти поврзани со градење и електронските комуникации, со предлог одлука;
3. Започнување на подготовка на Информација за усвојување на правила за поставување на кабелска канализација финансирана со јавни средства, како и користење на постоечка кабелска канализација
4. Дискусија околу потребата за Информација до Влада за усвојување на правила за утврдување збирки податоци потребни за поддршка на процесите на планирање и проектирање на бродбенд мрежи, согласно усвоени национални планови/стратегии на Владата и привилегии за пристап до истите",
5. Разно

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов ја отвори 24-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни пет членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

Буковалов го претстави предложениот дневен ред за седницата кој беше едногласно усвоен од членовите на НКБК.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 23-та седница одржана на 12.02.2021 година со интегрирани забелешки од Славица Настеска кои претходно беа доставени на е-маил од нејзина страна.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во врска со втората точка, претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, соопшти дека Информацијата за формирање меѓуресорска работна група за меѓусебно усогласување и измена на законите и подзаконските акти поврзани со градење и електронските комуникации, со предлог одлука, е подготвена и испратена до надлежните институции на мислење, а истата е поставена на системот е-влада. По добиените забелешки се

планира Владата да ја усвои Информацијата.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на третата точка, Буковалов го отвори прашањето за започнување на подготовка на Информација за усвојување на правила за поставување на кабелска канализација финансирана со јавни средства, како и користење на постоечка кабелска канализација. Со тоа ќе се постигне институционализирање/официјализирање на донесените НКБК препораки во законска рамка.

**За четвртата точка од дневниот ред,**

Во рамките на четвртата точка, се отвори дискусија околу потребата за подготовка на Информација до Владата за усвојување на правила за утврдување збирки податоци потребни за поддршка на процесите на планирање и проектирање на бродбенд мрежи, согласно усвоени национални планови/стратегии на Владата и привилегии за пристап до истите. Буковалов појасни дека има дилема дали е воопшто потребно за ова да се достави информација до Владата и во кој формат Владата би ги усвоила овие правила.

Славица Настеска истакна дека сега кога новиот Систем во АЕК за подршка на имплементација на НОБП е во функција, потребно е да се донесат правила на пристап до истиот со привилегии и одредени приоритизации.

Зоран Дервишов истакна дека системот има 6 функции со одредена приоритизација и дека веќе се подготвува соодветен документ за тоа кој може до кои податоци да има пристап. Подготвениот документ ќе биде предмет на дискусија на наредниот состанок на НКБК.

Димитар нагласи дека потребата за усвојување на правила, односно за дефинирање кој има право да ги користи податоците и до кое ниво, произлегува особено и поради потребата за подготовка на Студијата за изводливост за изградба на НТОМ.

Славица ја истакна важноста преставници од ЈП МРД и од АЕК да учествуваат на подготовката на правилата, што од страна на претседателот на НКБК беше кажано дека на следниот состанок на НКБК ќе бидат поканети преставници и од ЈП МРД и од АЕК.

**Зклучок1:** Зоран Дервишов за наредната седница на НКБК да достави предлог Правила за утврдување збирки податоци потребни за поддршка на процесите на планирање и проектирање на бродбенд мрежи, согласно усвоени национални планови/стратегии на Владата и привилегии за пристап до истите.

**Заклучок 2**: Да се поканат претставници од ЈП МРД и АЕК за да бидат вклучени околу изработката на овој документ.

**Во рамките на точката „Разно„ се отворија повеќе теми за дискусија, и тоа:**

Околу подготовката на третиот Извештај на НКБК, Славица Настевска истакна дека треба официјално да се обратат како тело до АЕК со допис за да се добијат бараните податоци. Таа кажа дека третиот извештај по форма и содржина ќе биде како претходниот, а во иднина може да се размислува за негово дополнување.

**Заклучок:** да се достави допис до АЕК со кој ќе се побараат податоци за подготовка на третиот Извештајот на НКБК.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ______________________